РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Државен просветен инспекторат
Број. 09-99/3
22.01.2024
Струга

| **ООУ „Св. Климент Охридски“ - с. Драслајца** | |
|---|---|
| **Конечен извештај од извршена интегрална евалуација** | |
| **Датум на интегрална евалуација:** | 06,09,10 октомври 2023 година |
| **Број на извештај:** | Број 10 / Југозападен Регион /2023 г. |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Виолетка Џутеска |
| **Вид на училиштето:** | основно |
| **Подрачни училишта** | 3 |
| **Основач на училиштето:** | општина Струга |
| **Наставен јазик:** | македонски и албански |
| **Број на ученици:** | 193 |
| **Полова структура на ученици:** | машки 106, женски 87 |
| **Број на наставници:** | 34 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Наумка Велевачкоска |
| **Директор на училиштето:** | Анѓелина Ристоска |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 19– 21.02. 2018 година |
| **Адреса на училиштето:** | с.Драслајца |
| **Телефон:** | / |
| **Факс:** | / |
| **e-mail:** | ou-klimentohridski-draslajca-struga@schools.mk |
| **Оценка ИЕ** | 2,87 (добро) |

Инспекцискиот надзор е извршен во согласнот со членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл.весник на РСМ“ број 52/2005; 81/2008; 148/2009; 57/2010; 51/2011; 24/2013; 137/2013; 164/2013, 41/2014, 33/2015, 145/2015, 30/2016 и 64/2018 година) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РСМ“ број 86/2006).

## Резиме

Согласно Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат и Законот за Просветна инспекција на 06, 09 и 10 октомври 2023 година, тим од тројца државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација во работата на ООУ„Св. Климент Охридски“ Драслајца .

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, од посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место, тимот од државни просветни инспектори констатира дека ООУ „Св.Климент Охридски“ Драслајца работи добро[1] (2.87).

Воспитно-образовниот процес во ООУ „Св.Климент Охридски“- с.Драслајца се реализира според наставниот план и наставните програми за основно деветгодишно образование изготвени од Биро за развој на образованието и одобрени од Министерството за образование и наука.Наставниот план и наставните програми во училиштето се реализираат во пропишаниот обем и обезбедуваат постигање на целите на основното обрзование. Содржините на наставните програми се реализираат според предвидениот фонд на наставни часови. Училиштето важи за угледно училиште кое успешно ги остварува целите и задачите на основното образование, а учениците и вработените се идентификуваат со училиштето и се грижат и работата за неговиот углед.

Училиштето посебно внимание посветува на учениците со посебни образовни потреби и ранливата категорија на ученици. Во училиштето работи Училишен инклузивен тим и истиот е формиран со Решение бр.02-48/1 од 15.03.2023 година. За секој ученик со посебни образовни потреби формирани се посебни инклузивни тимови кои за потребите и можностите на ученикот изготвуваат индивидуални образовни програми. Оваа учебна година е ангажиран 1 образовен асистент.

Покрај редовната настава во училиштето планирани се и се реализираат дополнителна, додатна настава и слободни ученички активности. Според Концепцијата за основно образование, училиштето во согласност со родителите реализира проширена програма за прифаќање на децата од прво до петто одделение, еден час пред започнувањето на наставата и еден час по завршувањето на наставата.

Наставниците во училиштето планираат и реализираат интегрирана настава.

Голем број ученици се вклучени барем во една воннаставна активност за поддршка на личниот и социјалниот развој. Учениците се секогаш стимулирани и поддржани од училиштето и наставниците да учествуваат на локалните, регионалните и државни натпревари. Училиштето на различни начини настојува да ги промовира постигнувањата на сите ученици.

Во училиштето нема регистрирано училишен спортски клуб.

Во училиштето континуирано се имплементира Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието. Во Годишната програма има глобален план за акција во која јасно се дефинирани целите на заедничките мултиетнички активности во образованието.

Планираните активности за МИО се реализираат во склоп на самото училиште. Во училиштето се следат постигањата на учениците. Училиштето располага со споредбени податоци за постигањата на учениците според пол, одделенија и наставни предмети за сите класификациони периоди. Во училиштето се прогласува ученик на генерација а на

---

[1] Според класификацијата од Индикаторите за квалитет на основните и средните училишта, постојат четири квалитативни нивоа:
1. Не задоволува,
2. Делумно задоволува,
3. Добро и
4. Многу добро.

крајот од учебната година на учениците кои постигнале одлучен успех им се доделуваат пофалници и награди. Училиштето располага со податоци за опфатот на учениците.

Училиштето го следи осипувањето на учениците и располага со податоци за изминатите три учебни години. Сите наставниците на почетокот на учебната година доставиле годишни и тематски планирања. Наставниците кои работат согласно на Новата концепција изработуваат и неделни планирања и сценарија за часовите. Стручната служба во училиштето има писмена процедура за редовно следење на планирањата на наставниците.

Наставата во училиштето се реализира во класични училници и кабинети за предметите физика и информатика. Наставниците континуирано користат современи наставни форми, методи и интерактивни техники на учење. Поучувањето е соодветно на возраста и нивото на образование на учениците. Во училниците и ходниците како и холот на училиштето се истакнати трудовите на учениците и училниците претставуваат мотивирачка и стимулативна средина за учење и поттикнуваат интерес за учење посебно во одделенска настава.

Училиштето има правилник за оценување на постигањата и напредувањето на учениците. Оценувањето во училиштето е континуирано и јавно, а се следи од страна на директорот и стручните соработници во училиштето. Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Зградата на училиштето е безбедна за изведување на наставата. Има спортска сала за изведување на наставата по физичко и здравствено образование во централното училиште и која е опремена со потребните реквизити. Училишниот простор е безбеден за изведување на наставата. Во училиштето има донесено Оперативен план план за заштита и спасување бр. 01-175/2 од 29.08.2014 година. Не се извршени показни вежби за евакуација во случај на земјотрес и пожар. Извршена е обука на сите вработени за заштита од пожари и сите имаат сертификати.

Има 5 наставници обучени за давање на прва помош на учениците. Училиштето има опрема за давање на примарна прва помош на учениците. Училиштето поседува Куќен ред и Кодекс на однесување за учениците, наставниците и родителите. Дисциплината на учениците за време на часовите и одморите е добра. При нарушување на дисциплината се применува Правилникот за изрекување на педагошки мерки. Во училиштето има демократски формиран Ученички парламент кој придонесува во решавањето на проблемите и донесувањето одлуки за работи што се од нивен интерес. Во училишните згради хигиената е добра.

Училиштето нема прилагодено пристап за ученици со телесен инвалидитет. Извршени се систематски прегледи на учениците и редовно ги примаат потребните вакцини. Училиштето соработува со здравствените установи, центарот за социјална работа, Црвениот крст, Биро за развој на образование и Министерство за образование и наука.

Континуирано се следи и вреднува напредокот на постигањата на учениците, редовноста и поведението на секој ученик. Во случај на појава на намален успех или несоодветно однесување педагогот врши советување на родители и ученици за што постои соодветна документација. Вработените во училиштето се запознаени и ги почитуваат правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и заштитува во случај на нивно нарушување. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи.

Училиштето овозможува и ги поттикнува родителите да се вклучат во образовниеto на своите деца и во животот на училиштето.

Постапките за финансиското работење што ги спроведува училиштето се во рамки на законските норми. Училишниот одбор е конституиран согласно на законот и Статутот на училиштето. Има Деловник за работа бр.02-258/4 од 04.07.2008 година и своја Програма бр.02-183/3 од 29.09.2023 година и работи согласно надлежностите.

Статутот на училиштето е заведен под бр.01-260/1 од 20.12.2019 година .

Годишна програма за работа на училиштето е заведена под бр.01-142/1 од 14.08.2023 година. Раководниот орган добро раководи со училиштето и има поддршка во раководењето и реализирањето на образовната политика од најголемиот број на субјекти во него. Во Програмата за развој на училиштето (за период 2019/2023 година) бр.02-235 од 25.10.2019 година целите се јасно и прецизно дефинирани и се насочени кон подобрување на квалитетот на наставата, зголемување на постигањата на учениците и подобрување на инфраструктурните услови во училиштето. Сите приоритети се планираат врз основа на анализа на реалната состојба и потенцијалите со кои располага училиштето. Извршената Самоевалуација за период 2022/2024 бр.02-172/3 од 26.09.2022 година е донесена со Одлука бр.02-172/4 од 26.09.2022 година на Училишниот одбор.

Преку соработка со локалната самоуправа, деловната заедница, преку аплицирање на проекти и добивање на донации училиштето настојува да ја подобри инфраструктурата.

## Карактеристики на училиштето

Наставата во ООУ „Св. Климент Охридски “- Драслајца се изведува на македонски наставен јазик во централното училиште, во ПУ во с.Мороишта и ПУ во с. Ложани и на албански наставен јазик во ПУ во с. Бицево. ООУ „Св.Климент Охридски“- Драслајца е основно деветгодишно училиште во кое воспитно-образовната дејност се остварува преку наставни планови и програми за основно образование.

Училиштето е основано со одлука на Собрание на Општина Струга во 1964 со акт бр.01-12371/1 од 11.12.1964 година. Верифицирано е со Решение (бр.08-1142 од 02.03.1985 година) на министерот за образование и наука. Централното училиште работи во училишен објект кој во употреба е предаден во 1986 година, се наоѓа на почетокот од с.Драслајца .

Училишната зграда во централното училиште има приземје и еден кат со површина од 3191 m2 и училишен двор е со површина од 40124 m2, кој е заграден со метална ограда од сите страни. Спортските терени и игралишта се со површина од 600 $m^2$.Училиштето располага со нова спортска сала која е опремена по современи стандарди и која во употреба е пуштена во 2017 година. Наставата се изведува во една смена. Училиштето ги опфаќа учениците од с. Драслајца. Во ПУ во с. Мороишта, Ложани и с. Бицево училишните згради се приземни и наставата се изведува во една смена. Реонски подрачните училишта ги опфаќаат учениците од селата Мороишта , Ложани , Бицево и Ново Село.

Во подрачните училишта се реализира настава од прво до петто одделение а наставата се одвива во една смена.

Во учебната 2023/2024 година во училиштето настава посетуваат 193 ученици, организирани во 23 паралелки.

Во училиштето вработени се вкупно 44 лица од кои 34 наставници, еден стручен соработник – педагог, еден раководен кадар, еден секретар.

За учебната 2023/2024 планирани се активности во Годишната програма за работа на училиштето заведена под бр.01-142/1 од 14.08.2023 година,усвоена со одлука од Совет на општина бр.08-3425/23 од 22.08.2023 година.

Училиштето соработува со локалната и деловната заедница, со институции, здруженија на граѓани и невладини организации.

# 1 Наставни планови и програми

## 1.1 Реализацијата на наставните планови и програми

Воспитно-образовниот процес во ООУ „Св.Климент Охридски“- с.Драслајца се реализира според наставниот план и наставните програми за основно деветгодишно образование изготвени од Биро за развој на образованието и одобрени од Министерството за образование и наука.

Наставниот план и наставните програми во училиштето се реализираат во пропишаниот обем и обезбедуваат постигање на целите на основното обрзование. Содржините на наставните програми се реализираат според предвидениот фонд на наставни часови .

За сите промени во наставниот план и наставните програми, училиштето редовно ги информира родителите на учениците на родителските средби кои се организираат на почетокот на учебната година, индивидуалните средби со родителите и преку Советот на родители. На почетокот на учебната година на родителите им се поделуваат брошури во кои родителите се запознаваат исто така со наставните планови и програми како и со работата на училиштето.

Училиштето посебно внимание посветува на учениците со посебни образовни потреби и ранливата категорија на ученици. Во училиштето работи Училишен инклузивен тим и истиот е формиран со Решение бр.02-48/1 од 15.03.2023 година. Инклузивниот тим е составен од наставници, педагогот во училиштето, специјален едукатор и рехабилитатор ангажиран од центарот за поддршка во учењето ООУ „Браќа Миладиновци“- Струга и родители, кој се грижи за инклузивните политики и практики на ниво на училиште. За секој ученик со посебни образовни потреби формирани се посебни инклузивни тимови кои за потребите и можностите на ученикот изготвуваат индивидуални образовни програми. Оваа учебна година е ангажиран 1 образовен асистент. Училишниот инклузивен тим работи по сопствена програма за работа. Посебните инклузивни тимови за секој ученик изработуваат индивидуален образовен план соласно потребите на ученикот во кој се дефинирани целите кои треба да се остварат.

На ниво на училиште се организираат интерни обуки и се обезбедуваат наставни сретства и помагала за работа со овие деца. Со цел да се обезбеди поефикасно инклузивно образование училиштето активно соработува со Стручното тело за проценка, Ресурсниот центар „Кочо Рацин“-Битола и Центарот за подршка на учењето ООУ„Браќа Миладиновци“-Струга. Во училиштето постојат пропишани процедури за грижа за учениците со посебни образовни потреби и процедури за изработка и следење на индивидуалните образовни програми.

Училиштето ги нуди сите изборни предмети според Наставниот план за соодветното одделение и дава можност учениците да вршат избор на наставни предмети. Изборот на предмети во училиштето се врши со писмено изјаснување-анкета, со изјава на родителите на секој ученик, а по претходно запознавање со целите и задачите на предметите.

Покрај редовната настава во училиштето планирани се и се реализираат дополнителна, додатна настава и слободни ученички активности.

Според Концепцијата за основно образование, училиштето во согласност со родителите реализира проширена програма за прифаќање на децата од прво до петто одделение, еден час пред започнувањето на наставата и еден час по завршувањето на наставата.

### 1.2 Квалитет на наставните планови и програми

Наставниците во училиштето планираат и реализираат интегрирана настава.

Во наставните програми се вметнати и содржини за развивање на самодовербата, иницијативност, одговорност, почитување на различностите и јакнење на свеста за припадноста на РСМ како мултикултурно општество.

Наставниот план и наставните програми се разгледуваат на стручните органи на училиштето и Советот на родители на училиштето, но во изминатиот период нема покренато иницијатива за промена на наставниот план и наставните програми до Министерството за образование и наука.

### 1.3 Воннаставни активности

Училиштето во својата Годишна програма за работа планира и во целост ги реализира воннаставните активности кои се одраз на интересите и потребите на учениците.

Учениците активностите ги избираат врз принципи на слободен избор така што ги задоволуваат своите желби и потреби, ги развиваат своите способности и ја манифестираат својата креативност.

Најголемиот број на ученици имаат можност во зависност од нивните желби и можности да бидат вклучени во воннаставни активности не исклучувајќи ги притоа учениците со посебни потреби и учениците од ранливите категории.

Наставниците одговорни за слободните ученички активности во месец септември ги информираат учениците за можностите кои истите ги нудат. За сите воннаставни активности постои план и програма според кои тие се реализираат, како и инструменти за следење на реализацијата на слободните активности на учениците.

Голем број ученици се вклучени барем во една воннаставна активност за поддршка на личниот и социјалниот развој.

Учениците по сопствен избор се вклучуваат во многубројните секции организирани во рамките на слободните ученички активности. Во училиштето работаат драмската секција, новинарскиот клуб, клуб на јазичари, клуб на млади матемаричари повеќе  со цел проширување и продлабочување на наставните содржини.

Учениците се секогаш стимулирани и поддржани од училиштето и наставниците да учествуваат на локалните, регионалните и државни натпревари. Во периодот 2021-2022 година учениците од оваа училиште имаат освоено: едно прво и едно второ место на општинскиот натпревар по англискијазик и второ и трето  местто по англиски јазик на регионален натпревар.  По предметот географија училиштето учествувало на општински,регионален и државен натпревар.

Училиштето на различни начини настојува да ги промовира постигнувањата на сите ученици.

Реализираните воннаставни активности и работата на училишните секции училиштето ги промовира преку истакнување на соопштенија на огласна табла на училиштето, на прославата по повод патрониот празник на училиштето преку доделување на награди.

Во училиштето нема регистрирано училишен спортски клуб.

Во период од 2014 година во училиштето континуирано се имплементира Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието. Во овој проект се вклучени учениците, наставниците и педагогот во училиштето. За реализација на проектот пред почетокот на секоја учебна година се изготвува Акционен план со детално објаснување за очекуваните резултати, условите, реализаторите и термините за реализација на планираните активности. Во креирањето на овој план учествуваат членовите на СИТ-от, односно координаторите како одговорни членови за одделени МИО активности. Во Годишната програма има глобален план за акција во која јасно се дефинирани целите на заедничките мултиетнички активности во образованието.

Наставниците учествувавле на стручно усовршување и на работилници за професионално усовршување од оваа област.

Планираните активности за МИО се реализираат во склоп на самото училиште. Планирани се и реализирани повеќе активности: читање и пишување поетски творби за мајката,традиции за најголемите верски празници,азбука-споредување на букви од македонаката и албанската азбука. Секој наставник во своите годишни планирања планира часови за меѓуетничка интеграција во образованието.

# 2 Постигања на учениците

## 2.1 Постигања на учениците

Во училиштето се следат постигањата на учениците.

Училиштето располага со споредбени податоци за постигањата на учениците според пол, одделенија и наставни предмети за сите класификациони периоди.

Средниот општ успех на ниво на училиште во изминатите три учебни години изнесува: учебна 2020/2021 година – 3,89; учебна 2021/2022 година - 4,27 и во учебна 2022/2023 година - 4,04.

Споредбените анализи училиштето ги користи за континуирано подобрување на постигањата на учениците. За таа цел наставниците применуваат различни, форми, методи и техники на работа и следење на учениците.

Училиштето ги идентификува учениците со посебни образовни потреби, со потешкотии во учењето и надарените ученици. Во учебната 2023/2024 година во училиштето има еден ученик со посебни образовни потреби за кој е обезбеден образовен асистент. Формиран е училишен инклузивен тим (Решение бр.02-48/1 од 15.03.2023 година). Наставниот кадар обезбедува подршка на учениците со потешкотии во учењето и надарените ученици преку реализирање на дополнителна и додатна настава и организирање на слободни ученички активности.

Стручната служба- педагогот има изработено: Програма за работа со ученици со посебни образовни потреби, со потешктии во учењето и со надарени ученици.

Училиштето располага со податоци за преминот и постигањата на учениците од одделенска во предметна настава од која се забележува дека има мали оттстапувања.

Во училиштето се реализираат активности од меѓуетничка интеграција во образованието внатре во училиштето бидејќи во истото наставата се изведува на македонски и албански јазик . Главно активностите се реализирале со ученици од училиштето од различна етничка припадност.

Се организираат заеднички активности: прослава на верски празници, меѓународниот ден на жената, работилници за различноста на јазиците, спортски натпревари, заеднички часови и слободни ученички активности.

Во училиштето се прогласува ученик на генерација а на крајот од учебната година на учениците кои постигнале одлучен успех им се доделуваат пофалници и награди.

Се врши промовирање на постигањата на учениците и на патрониот празник со доделување на пофалници на учениците кои освоиле награди на натпревари.

Освоените дипломи и пофалници од натпреварите се истакнати на видно место во ходниците и холот на училиштето.

### 2.2 Задржување/осипување на ученици

Училиштето располага со податоци за опфатот на учениците.

Систематски ја следи редовноста на учениците , ги анализира причините за оправданото и неоправданото отсуство од наставата и презема активности за зголемување на редовноста.

Педагогот на училиштето реализира советувања со родителите на учениците кои изостануваат од наставата. Во учебната учебна 2020/2021 година извршени се 14 советувања на родители, учебна 2021/2022 година – 13 советувања на родители и во учебна 2022/2023 година 10 советувања на родители за нередовност и несоодветно однесување спротивно на кодексот на училиштето и намален успех .

Во училиштето постојат споредбени анализи за просечниот број на оправдани и неоправдани изостаноци за изминатите три учебни години: учебна 2020/2021 година: направени се 8,96 изостаноци по ученик, учебна 2021/2022 година направени се 7,5 изостаноци по ученик и во учебна 2022/2023 година: направени се 18,06 изостаноци по ученик. Се забележува благо зголемување на изостаноците по ученик.

Училиштето го следи осипувањето на учениците и располага со податоци за изминатите три учебни години. Во последните учебни години забележано е зголемвање на бројот на ученици кои се испишуваат од училиштето заради иселување во странство. При премин на учениците од едно во друго училиште се почитува постапката и се води уредна евиденција на заминати или новодојдени ученици преку преведници .

### 2.3 Повторување на учениците

Нема ученици кои ја повторувале учебната годината во изминатите три учебни години, еден ученик од одделенска настава останал во исто одделение по барање на родител.

Училиштето ги запознава учениците и родителите со правото за поднесување жалба при повторување на учебната година.

# 3 Учење и настава

## 3.1 Планирања на наставниците

Сите наставниците на почетокот на учебната година доставиле годишни и тематски планирања. Покрај планирањата за редовна настава сите наставници имаат планирано додатна, дополнителна настава и слободни ученички активности и сите наставниците на почетокот на учебната година доставиле годишни и тематски планирања. Покрај планирањата за редовна настава сите наставници имаат планирано додатна, дополнителна настава и вонnаставни ученички активности.

Во своите тематски планирања наставниците планирале реализација на содржини и активности од Меѓуетничка интеграција во образованието.

Наставниците кои работат согласно на Новата концепција изработуваат и неделни планирања и сценарија за часовите .

За унапредување на планирањата, наставниците вршат размена на искуства и идеи преку работата на три стручни активи и семинари организирани од Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието.

Се врши дисеминација од оддржаните семинари.

Стручната служба во училиштето има писмена процедура за редовно следење на планирањата на наставниците.

Распоредот за реализација на задолжителната, изборната, дополнителната и додатната настава изготвен е од страна на наставник и директорот во училиштето.

Планирањата кои ги изработуваат наставниците ги содржат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот.

## 3.2 Наставен процес

Наставата во училиштето се реализира во класични училници и кабинети за предметите физика и информатика.

Наставниците во најголем дел континуирано користат современи наставни форми, методи и интерактивни техники на учење.

Се води сметка за индивидуалните потреби на учениците, рамноправно се вклучуваат и третираат учениците од различна полова и социјална припадност во активностите на часот.

Училиштето има интерна процедура и инструменти за следење на наставниот процес. Се врши посета на часови од страна на стручната служба и директорот. Во училиштето се води уредна евиденција со помош на едвидентни листи, а добиените

наоди се користат за педагошко-инструктивна работа со наставниците и за подобрување на наставата.

Во училиштето има формиран инклузивен тим со Програма за работа која е во склоп на Годишната програма за работа на училиштето. Инклузивниот тим е составен од педагог, директор и наставници кои имаат ученици со посебни образовни потреби и потешкотии во учењето.

Преку ученичката заедница на учениците, учениците учествуваат во животот и работата во училиштето како и во активностите организирани во локалната средина.

Најголем дел од наставниците во своите планирања имаат предвидено различни интерактивни методи, форми и техники на учење и поучување и истите ги применуваат при реализација на наставата .

Поучувањето е соодветно на возраста и нивото на образование на учениците. Учениците се поттикнуваат и мотивираат активно да учествуваат во наставниот процес. Наставниците работат со подеднакво вклучување на сите ученици.

Инсталирани се 20 компјутери распоредени во училниците за предметна и одделенска настава. Истите се ставени во функција и редовно се користат при реализација на наставниот процес. Во училиштето има интернет конекција. Кабинетот по информатика е опремен со 10 компјутери кои се во функција и се користат во наставата.

Во тематските планирања наставниците имаат предвидено користење на информатичко комуникациска технологија при реализација на одредени наставни содржини. При реализација на наставата се користат достапни е-содржини по одредени предмети, power point презентации и интернет адреси.

Сите структури во училиштето се залагаат и поддржуваат обезбедување на здрави услови за работа и престој во училишната зграда.

Еколошкото образование и заштитата на животната средина се составен дел од Годишната програма за работа на училиштето.

### 3.3 Искуства на учениците од учењето

Во училниците и ходниците како и холот на училиштето се истакнати трудовите на учениците и училниците претставуваат мотивирачка и стимулативна средина за учење и поттикнуваат интерес за учење посебно во одделенска настава .

Поголем дел од наставниците на учениците им даваат можност самостојно да размислуваат, да превземаат одговорност, да учествуваат во активностите за време на часот, да го искажат своето мислење за одредени проблеми и да учествуваат во одлучувањето за нив. Учениците активно се вклучени во работата на наставните и воннаставните активности, работејќи самостојно или во групи.

Најголем број ученици сметаат дека има добри односи и соработка меѓу учениците и возрасните во училиштето.

### 3.4 Задоволување на потребите на учениците

Наставниците во соработка со стручната служба ги идентификуваат образовните потреби на учениците и се преземаат активности за нивно остварување. Во процесот на поучување најголем број од наставниците користат различни интерактивни техники на учење и поучување .

Во текот на целата година училиштето редовно реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците пројавуваат тешкотии во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат значителни резултати во определени области, се вршат консултации во врска со наставниот процес, разговори за нивните амбиции и индивидуални разговори за разни теми.

Наставниците во процесот на поучување користат различни техники со што им даваат можност на учениците со различни стилови на учење да научат најмногу што можат.

### 3.5 Оценувањето како дел од наставата

Училиштето има Правилник за оценување на постигањата и напредувањето на учениците. Оценувањето во училиштето е континуирано и јавно, а се следи од страна на директорот и стручните соработници во училиштето.

При оценувањето се користат стандарди, критериуми и техники на оценување и самооценување со кои се запознаени и учениците и родителите.

Се применуваат позитивните законски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Училиштето има Етички кодекс за оценување.

Континуирано се следат постигањата на учениците.

### 3.6 Известување за напредокот на учениците

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. За таа цел се користат формални и неформални средби, групни и индивидуални средби со родителите.

Родителите добиваат пишани извештаи најмалку два пати во едно полугодие, евидентни листови за прво тримесечие, прво полугодие, трето тримесечие и свидетелство и додаток на свидетелство за крај на наставната-учебната година. Со воведувањето на е-дневник родителите имаат можност за постојан увид во успехот и редовноста на нивните деца.

# 4 Поддршка на учениците

## 4.1 Севкупната грижа кон учениците

Зградата на училиштето е безбедна за изведување на наставата. Има спортска сала за изведување на наставата по физичко и здравствено образование во централното училиште и која е опремена со потребните реквизити . Училишниот простор е безбеден за изведување на наставата.

Во училиштето има донесено Оперативен план за заштита и спасување бр. 01-175/2 од 29.08.2014 година. Не се извршени показни вежби за евакуација во случај на земјотрес и пожар.

Извршена е обука на сите вработени за заштита од пожари и сите имаат сертификати.

Има 5 наставници обучени за давање на прва помош на учениците. Училиштето има опрема за давање на примарна прва помош на учениците.

Во училиштето нема појави на употреба на никотин, алкохол или наркотични средства.

Учениците се снабдуваат со храна од дома, во близина на училиштето нема продавници.

Училиштето води грижа за учениците од социјално загрозени семејства, преку повеќе активности. Во изминатите три учебни години спроведени се повеќе хуманитарини акции: донирање на облека, храна, новогодишни пакетчиња, училишен прибор и ученички торби , преку донации од вработени и ученици, хуманитарни организации и здруженија и локалната самоуправа.

Училиштето располага со различни програми кои се насочени за грижа за учениците: „Програма за ненасилно однесување во училиштето“, „Програма за работа со ученици со емоционални потешкотии“, „Програма за грижа за здравјето на учениците“, „Програма за работа со ученици со потешкотии во учењето“, „Програма за работа со деца со посебни образовни потреби“, „Програма за работа со надарени и талентирани ученици“, „Програма за професионална ориентација“ .

Училиштето поседува Куќен ред и Кодекс на однесување за учениците, наставниците и родителите во чија што изработка учествувале и учениците и се истакнати на видни места.

Училиштето во учебната 2020/2021 и учебната 2021/2022 година има изработено: Куќен ред, Кодекси за однесување на ученици, родители и вработени и Протоколи во услови на реализација на настава со физичко присуство и онлајн настава во време на пандемија од Ковид -19.

Во соработка со МВР одржани се предавања: „Употреба на пиротехнички средства“ , „Безбедно учество во сообраќајот“ .

Дисциплината на учениците за време на часовите и одморите е добра. При нарушување на дисциплината се применува Правилникот за изрекување на педагошки мерки.

Во училиштето има демократски формиран Ученички парламент кој придонесува во решавањето на проблемите и донесувањето одлуки за работи што се од нивен интерес. Во училиштето функционира и Дете правобранител а нема ученици преставници кои учествуваат во работата на Училишниот одбор. Ученичкиот парламент има своја Програма за работа и се реализираат работилници и дебати.

Учениците навремено и целосно се информирани за сите работи што се од нивен непосреден интерес и учествуваат во донесување на одлуки.

### 4.2 Здравје

Во училишните згради хигиената е добра. Во училишниот двор во централното училиште предниот дел е среден и хортикултурно уреден, задниот дел не е среден и хортикултурно уреден. Во подрачните училишта во ПУ во с. Бицево и во с. Мороишта дворовите не се исто така хортикултурно уредени додека во ПУ во с. Ложани училишниот двор е хортикултурно уреден.

Училиштето прави напори за правилно одржување на личната хигиена кај учениците во насока на заштита и има обезбедено доволно средства за хигиена и дезинфекција .

Во дворот на централното училиште има поставено корпи за отпадоци и клупи за одмор на учениците.

**Училиштето нема прилагодено пристап за ученици со телесен инвалидитет.**

Извршени се систематски прегледи на учениците и редовно ги примаат потребните вакцини.

Склучен е договор бр. 747-1 од 24.08.2022 година за систематски преглед на варботените со „Кардиолаб Маџаров“ но систематските прегледи сеуште не се извршени.

Наставниците и педагогот одржале предавања на тема Здравје : „Превенција и заштита во услови на пандемија“, „Хигиена и хигиенски навики“, „Заштита од корона вирус“ , „Јакнење на менталното здравје во услови на пандемија“ , „Заштита од сексуално преносливи болести и ХИВ“, „Заштита од заразни болести“, „Врсничко насилство“ , „Трговија со деца“, „Сајбер насилство“ и „ Болести на зависност“ .

Во Програмата за работа на педагогот планирани се активности за идентификување и работа со ученици со емоционални потешкотии.

### 4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

Педагогот придонесува за советодавна работа, следење на напредокот на учениците на кои им е потребна помош, разговор со родители, следење на наставниот процес и друга стручна помош.

Училиштето има соработка со средните училишта кои со помош на презентации и излагања ги запознаваат учениците со насоките и образовните профили и можноста за натамошно образование. Училиштето има Програма за професионална ориентација на учениците. Секоја година за учениците од деветто одделение се спроведуваат работилници за нивната желба и насочување за идно занимање, како и запознавање со мрежата на средни училишта и изборот што им се нуди за натамошно образование.

Училиштето соработува со здравствените установи, Центарот за социјална работа, Црвениот крст, Биро за развој на образование и Министерство за образование и наука.

### 4.4 Следење на напредокот

Училиштето изготвува извештај за напредокот на учениците по паралелки, тромесечен, полугодишен и годишен извештај со заклучни согледувања и се следи иандивидуалниот напредок на учениците.

Инклузивниот тим врши следење на индивидуалниот напредок на учениците со посебни образовни потреби кои се инклузирани во редовното образование.

Наставниците водат евиденција за напредокот на постигањата, редовноста и поведението на учениците по паралелки и на ниво на училиште.

Постои добра соработка меѓу раководниот кадар, педагогот, класните и предметните наставници, како и родителите за следење на напредокот на учениците.

Континуирано се следи и вреднува напредокот на постигањата на учениците, редовноста и поведението на секој ученик.

Во случај на појава на намален успех или несоодветно однесување педагогот врши советување на родители и ученици за што постои соодветна документација.

# 5 Училишна клима

## 5.1 Училишна клима и односи во училиштето

Училиштето важи за угледно училиште кое успешно ги остварува целите и задачите на основното образование, а учениците и вработените се идентификуваат со училиштето и се грижат и работата за неговиот углед.

Со Куќен ред и Правила на однесување на учениците, наставниците и стручните соработници, дефинирани се правата и обврските на вработените и учениците во поглед на однесувањето во училиштето и надвор од него.

Изготвени се Кодекси за однесување на учениците, наставниците и стручните соработници, како и Кодекс за однесување на родителите кои се истакнати во наставничките канцеларии, сите училници и холови, како во централното така и во подрачните училишта. Во изработката на кодексите учествувале: наставниците, стручните соработници, учениците и родителите.

Училиштето води политика на заемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во работата и живот во училиштето. Раководниот орган и поголем дел од наставниот кадар играат важна улога во одржување на добра работна атмосфера во училиштето. Вработените во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите и кога се работи за активностите на часот и за активностите вон часовите.

Дисциплината на учениците е добра, а се должи на традиција на одржување и потикнување и свесно прифаќање на правилата на однесување и меѓусебно почитување.

Во училиштето постои работна атмосфера за време на наставата и вонннаставните активности, а вработените постојано се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување од училиште. Училиштето соодветно го применува Правилникот за изрекување на педагошки мерки.

Учениците секогаш навремено и целосно се информирани за сите работи што се од нивен непосреден интерес и делумно учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето одлуки. Во училиштето формирана е Ученичка заедница, Ученички парламент, детска организација и помладок на Црвениот крст. Преку овие органи

учениците учествуваат во решавањето на проблемите и донесуваат одлуки што се од нивно значење. Постои пракса на самоиницијативно разгледување на некои поважни прашања врзани за училишниот живот со давање предлози и идеи за реализирање на некои значајни активности.

### 5.2 Промовирање на постигањата

Личните постигања на учениците во училиштето се промовираат на повеќе начини: јавно доделување на дипломи, пофалници и награди на патрониот празник на училиштето; истакнување на огласна табла; истакнување на личните постигања на родителските средби и советот на родителите.

Учениците имаат можности, согласно своите способности и интереси, да ги изразат своите креативни потенцијали во наставата и вонннаставните активности. Училиштето води политика на поттикнување на наставниот кадар и на учениците да учествуваат и постигнуваат успех на натпревари на локално, регионално, национално и меѓународно ниво и постои систем на наградување на учениците што постигнале успех и за наставниците што го помогнале тоа. Натпреварите на кои учествуваат учениците ја збогатуваат традицијата што ја има училиштето во однос на постигнатите успеси.

### 5.3 Еднаквост и правичност

Вработените во училиштето се запознаени и ги почитуваат правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и заштитува во случај на нивно нарушување.

Вработените во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите и за време на активностите на часот и надвор од часовите. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи. Учениците се учат како да препознаваат и како да се справуваат со прашања поврзани со дискриминација на глобално ниво, но и во училиштето. Доколку учениците забележат каква било форма на злоупотреба на туѓите или на личните права, можат во секое време да се обратат кај било кој наставник, раководниот орган или до соодветната служба во училиштето. Се промовира мултикутурализмот во училиштето преку проектот за МИО со планирани активности. Во склоп на самото училиште се одржуваат заеднички работилници и активности со содржини од Меѓуетничката интеграција.

Во училиштето уредно се води педагошката евиденција за вклученоста на учениците во вонннаставните активности поврзани со проектот.

### 5.4 Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

Училиштето овозможува и ги поттикнува родителите да се вклучат во образовнието на своите деца и во животот на училиштето. Преку континуираното и навремено информирање на родителите за сите случувања во училиштето, преку добивање информации по електронски пат, преку печатење на брошури и учество на претставници од сите структури во органите на училиштето се настојува истите што поактивно да бидат

вклучени во животот и работата на училиштето. Родителите со специфични професии се потикнуваат активно да се вклучат во наставниот процес преку презентирање на конкретна тема или преку посета на нивните работни места.

Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето. Училиштето редовно и навремено ги известува за напредокот на нивното дете. Постои добра комуникација меѓу наставниците и родителите. Родителите се слободни за некој проблем да се обратат до стручната служба во училиштето. Низ демократска процедура се врши избор на претставниците на родители во Училишниот одбор.

Училиштето остварува соработка со локалната заедница преку вклучување во одбележувањето на значајни датуми и организирањето на разни манифестации; посета на одредени локални институции со цел реализирање на одредни наставни содржини, реализирање на одредни инфраструктурни проекти и други активности. Од страна на ПН-МЕТАЛ е дониана ограда за оградување на училишниот двор и поставени се клупи во паркот на училиштето. Извршена е целосна реконструкција на ПУ с.Бицево од страна на жителите од селото. На почетокот на секоја учебна година од страна на бизнис заедницата на дел од учениците им се донира училишен прибор и спортска опрема.

# 6 Ресурси

## 6.1 Сместување и просторни капацитети

Училишниот простор во кој работи ООУ „Св. Климент Охридски“-с.Драслајца ги исполнува педагошките стандарди за изведување на наставата. Во состав на централното училиште во с.Драслајца работат подрачните училишта во с.Мороишта, с.Ложани и с.Бицево. Воспитно-образовната работа во централното училиште и подрачните училишта се реализира во една во една смена. Централното училиште поседува 3 објекти со вкупна површина од 3800 м2 и друга површина од 41537 м2.Подрачните училишта опфаќаат 3 објекти со вкупна површина под згради 943 м2 и друга површина од 11492 м2.Училиштето располага со следниот училишен простор: 25 училници, 6 кабинети, 1 библиотека, 4 канцеларии за потребите на директорот, наставниците, стручната служба и административните работници, тоалети за наставниот кадар и тоалети за учениците, 1 котлара и спортска сала. Училишниот двор во централното училиште и училишните дворови во подрачните училишта во с.Мороишта и с.Бицево се оградени располагаат со уредени спортски терени за ракомет и одбојка. Во склоп на училишната зграда во ПУ во с.Ложани нема спортско игралиште.

Училишните згради во централното училиште и во ПУ с.Мороишта се згреваат со парно, а училишните згради во ПУ с.Бицево и ПУ с.Ложани се загреваат со печки на дрва. Училишнитезгради се одржуваат и се во добара состојба. Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности и се труди да ги задоволи потребите на учениците и наставниот кадар. Централното училиште поседува 10 противпожарни апарати кои последно се сервисирани од 20.10.2021 година. Во подрачните училишта нема ПП апарати. Училишните објекти не се осигурани. Во училиштето има 6 хидранти во централната зграда и 2 во спортската сала и истите се во исправна состојба. Наставниците и учениците се осигуруваат на доброволна основа. Училиштето има план за евакуација при елементарни непогоди но не е направена симулација.

### 6.2 Наставни средства и материјали

Училиштето располага со разновидна стручна литература и наставни средства и помагала согласно нормативите по повеќето наставни предмети. Училишето во континуитет работи на подобрување на опременоста со нагледни сретства и материјали за потребите по сите наставни предмети. Училиштето располага со 4 телевизори, 1 фотокопир, 18 компјутери со 186 излезни единици, 74 лаптоп компјутери за ученици, 32 лаптоп копмјутери за наставници, 4 компјутери за други простории, 2печатари, 1 ЛЦД проектор. Училишната библиотека во централното училиште работи во просторни услови кои одговараат на потребите. Библиотеката е добро подредена и располага со компјутер. Библиотеката е отворена за користење од страна на учениците и работното време е истакнато на истата.

Библиотеката располага со библиотечен фонд од 3336 книги. Од вкупниот број на книги лектирни изданија се 2741 , останатиот број отпаѓа на прирачници и стручна литература. Во последните две години набавени се 135 лектирни изданија и 11 наслови слободна литература. Библиотечната евиденција се води со картички. Целокупниот книжен фонд е добро подреден, а евиденцијата се води навремено и прописно. Училиштето планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребната количина за реализација на наставните и вонаставните активности, согласно планот на училиштето. Набавениот потрошен материјал ги задоволува потребите на училиштето.

### 6.3 Обезбедување на потребен наставен кадар

Училиштето има обезбедено доволен број наставници за реализирање на воспитно-образовниот процес. Во училиштето вработени се вкупно 34 наставници. Воспитно образовната работа во одделенска настава ја изведуваат 15 наставници, а во предметна настава 19 наставници. Од вкупниот број на наставници кои реализираат настава во паралелките од предметна настава 32 се со високо образование, 1 со вишо и 1 е со звање магистер. Наставниот кадар е во согласност со нормативите и поседува низа квалификации, вештини и искуство стекнато преку обуки. Квалификуван е и оспособен да ги преземе одговорностите во наставата согласно потребите на учениците и училиштето во целина. Наставниците во поголем дел ефективно придонесуваат за работата на училиштето и во поголем дел успешно работат како тим во рамките на стручните активи.

Од стручни соработници училиштето има педагог, кој им помага на наставниците во организација на наставата, следење на напредокот на учениците, справување со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање советодавна помош на учениците. Педагогот работи по своја програма и е дел од тимот за професионален развој на наставниот кадар. Во училиштето **нема вработено стручен соработник психолог и дефектолог иако за тоа постои реална потреба.**

### 6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален развој на кадарот. Наставниците и стручните соработници редовно учествуваат на обуките организирани од страна на МОН и БРО, локалната самоуправа и невладините организации. Сите наставници изработуваат план за личен професионален развој, кој потоа го дооформуваат на ниво на стручни активи и го доставуваат до тимот за професионален развој кој изготвува програма за професионален развој. Професионалниот развој на наставниот кадар во училиштето се остварува индивидуално и групно преку разни

семинари, советувања, консултации, предавања, работилници, самообразование и преку други форми. Училиштето има стратегија за десиминирање на знаењата, вештините и способностите на наставниот кадар, па така сите наставници кои посетувале одредена обука должни се сознанијата да ги презентираат пред наставничкиот колегиум.

### 6.5 Финансиско работење во училиштето

Постапките за финансиското работење што ги спроведува училиштето се во рамки на законските норми. Училиштето согласно финансискиот план ги утврдува финансиските сретства за тековните потреби. Финансискиот план и извештајот за финансиското работење на училиштето се доставуваат до Градоначалникот и Советот на општината. За финансиското работење ангажиран е книговодител. Директорот на училиштето врз основа на однапред изготвени критериуми изготвува финансиски план за тековната година кој се усвојува на Училишниот одбор и се доставува до Локалната самоуправа. Финансиските планови се изготвуваат посебно за секоја жиро-сметка со која располага училиштето. Финансиските планови ги опфаќаат планираните приходи кои се потребни за тековно работење на училиштето и расходите кои на основа на нив ќе бидат направени во текот на работењето.

Преку изготвените завршни сметки кои се разгледуваат на седниците на Училишниот одбор и другите тела се обезбедува траспарентност во работењето и се следи наменското трошење на буџетот.

## 7 Управување, раководење и креирање политика

### 7.1 Управување и раководење со училиштето

Училишниот одбор е конституиран согласно на законот и Статутот на училиштето. Има Деловник за работа бр.02-258/4 од 04.07.2008 година и своја Програма бр.02-183/3 од 29.09.2023 година и работи согласно надлежностите . Училишниот одбор не е комплетен , недостасува член од локалната самоуправа, за што училиштето има поднесено известување за номинирање на член. Статутот на училиштето е заведен под бр.01-260/1 од 20.12.2019 година.

Годишна програма за работа на училиштето е заведена под бр.01-142/1 од 14.08.2023 година. Одлуките кои ги носи Училишниот одбор се носат со мнозинство гласови од вкупниот број на членови и се уредно архивирани и достапни за вработените во училиштето. Училишниот одбор им обезбедува редовни, детални и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес. Има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите образовни структури. Раководниот орган добро раководи со училиштето и има поддршка во раководењето и реализирањето на образовната политика од најголемиот број на субјекти во него. Професионалниот однос кон работата, добрата комуникација и раководење со најголемиот број на вработени и грижата за нивниот професионален развој се одлики на работа на раководниот орган. Ораганот на раководење и поголемиот број на субјекти вклучени во составот на повеќе комисии во училиштето, преку постојано следење и анализа на случувањата во училиштето, ги издвојува приоритетните цели и задачи и истите ги вградува во Годишната програма за работа.

Преку формирање на работни тимови и организирање на договорни состаноци на кои се разменуваат мислења, раководниот орган настојува во креирањето на образовната политика да вклучи што повеќе субјекти. Раководниот орган своето работење го заснова на тимска работа преку вклучување на вработените во процесот на планирањето и обезбедувањето квалитет.

### 7.2 Цели и креирање на училишната политика

Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Во Програмата за развој на училиштето (за период 2019/2023 година) бр.02-235 од 25.10.2019 година целите се јасно и прецизно дефинирани и се насочени кон подобрување на квалитетот на наставата, зголемување на постигањата на учениците и подобрување на инфраструктурните услови во училиштето. Во креирањето на целите, начелата и вредностите на училиштето и при нивната реализација вклучени се и активно учествуваат наставниците, родителите и учениците и истите редовно се информираат за начинот на нивното остварување и подобрување. Во утврдувањето на целите на образовната политика овозможено е вклучување и на останатите стручни органи, како и други субјекти кои се заинтересирани за подобрување на работата и животот во училиштето.

Сите приоритети се планираат врз основа на анализа на реалната состојба и потенцијалите со кои располага училиштето. Извршената Самоевалуација за период 2022/2024 бр. 02-172/3 од 26.09.2022 година е донесена со Одлука бр.02-172/4 од 26.09.2022 година на Училишниот одбор. Целите на развојното планирање предвидени со Развојниот план (Одлука на Училишниот одбор бр.02-235/3 од 25.10.2019 година) се прецизни, јасни и ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето. При нивното поставување вклучени се наставниците, родителите, учениците и претставниците од локалната заедница. Во Развојниот план прецизно се дефинирани стратешките цели и е утврден нивниот приоритет. За нивно остварување, училиштето изготвува и акциски планови и програми, а за резултатите од нив ги информира сите опфатени субјекти. Училиштето има изграден систем за следење, вреднување и евалуација на својата работа, а со тоа на наставниот кадар му се овозможува понатамошно стручно усовршување преку разни активности и изготвена програма за професионален развој. Преку соработка со локалната самоуправа, деловната заедница, преку аплицирање на проекти и добивање на донации училиштето настојува да ја подобри инфраструктурата.

## Наоди и препораки

### Силни страни

- При реализација на наставата се користат разновидни форми, методи и техники на учење со кои се развиваат индивидуалните способности на учениците.
- Училниците и ходниците во централното училиште се естетски обликувани и преставуваат мотивирачка средина за учење и престој.
- Извршена е обука на сите вработени за заштита од пожари и има наставници обучени за давање на прва помош на учениците.
- Постојано унапредување на наставниците преку обуки, курсеви, семинари и десиминации.
- Учениците учествувале и освоиле награди на различни ниво.

### Слаби страни

- Училишните дворови не се доволно хортикултурно уредени, а задниот дел од дворот на централното училиште не се одржува.
- Училишните објекти не се осигурани.
- Во училиштето нема прилагоден пристап за ученици со телесен инвалидитет.

## Препораки

- Училишните дворови хортикултурно да се доуредат а задниот дел од дворот на централното училиште континуирано да се одржува.
- Да се превземат активности за осигурување на училишните објекти.
- Да се обезбеди пристап за ученици со телесен инвалидитет.

| | |
|---|---|
| Виолетка Џутеска - Раководител на инспекцискиот тим | |
| Блерим Села - Инспектор | |
| Жана Димоска - Инспектор | |